**До:**
Игор Дамјаноски
ул.„Битолска„ бб
Општина Демир Хисар
7240 Демир Хисар

**Барање**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Според јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страна и Службен Гласник на општина Демир Хисар, потребни ни се следните информации: (вашата веб страна во моментот на преглед на бараните информации не беше во функција)

1. Извештај од надворешна ревизија (Државен завод за ревизија) за некоја од последните 5 години (2019-2023)
   Доколку се објавени на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истите, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

2. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2023/24 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики.
   Доколку имате спроведено граѓански форум, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот.

3. Стратегија за управување со ризици
   Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма.

4. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

5. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

6. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2023 година?

7. Доколку да, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
***г) електронски запис***
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
***г) е-маил***
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател на информацијата**:

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Место: Скопје                                        Датум: 15.05.2024

**Датум:** 21.05.2024

**ДО**

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-505/1, 20.05.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 14.05.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страница и Службен гласник на Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страница и Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 14.05.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 20.05.2024 година под архивски број 18-505/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 21.05.2024 година, под бр. 18-505/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер

____________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурс

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1. Извештај од надворешна ревизија (Државен завод за ревизија) за некоја од последните 5 години (2019-2023)

**-Во наведениот период Општина Демир Хисар не била предмет на надворешна ревизија.**

2. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2023/24 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики:

**а) Одржан е форум за утврдување на приоритети за работата на Локалниот економско-социјален совет на Општина Демир Хисар за 2023 година:**
**https://demirhisar.gov.mk/forum-za-utvrduvane-na-prioriteti-za-rabotata-na-lokalniot-ekonomsk0-soczijalen-sovet-na-opshtina-demir-hisar-za-2023-godina/**

**https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/11/izvestaj-od-forumot.pdf**

**б) Одржана е Панел дискусија: Искористување на извозните, инвестиционите и туристичките капацитети на Општина Демир Хисар**:
**https://demirhisar.gov.mk/panel-diskusija-iskoristuvane-na-izvoznite-investiczionite-i-turistichkite-kapacziteti-na-opshtina-demir-hisar/**

**https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/11/izvestaj-od-panel-diskusijata.pdf**

**в) Одржан е состанок со претставниците на месните заедници за креирање на Буџет и програми за работа за 2024 година:**
**https://demirhisar.gov.mk/pokana-sostanok-za-kreirane-na-budhet-i-programi-za-2024/**

**https://demirhisar.gov.mk/odrzhan-sostanok-so-pretsavnczite-na-mesnite-i-urbani-zaedniczi-za-utvrduvane-na-prioriteti-za-2024-godina/?fbclid=IwAR3IS0cA1lfA0uO2hCVWnGfuORvTXl1zs7gx6T7xSJYZGjpQN3Rce5YhSaA**

**г) Одржана е консултативна средба со граѓаните за утврдување на приоритетите за 2023 година преку НВО ИНФОЦЕНТАР:**
**https://www.facebook.com/profile/100064672450591/search/?q=demir%20hisar**

**д) Одржана е јавна дебата за реализиција на приоритетите на граѓаните за 2023 во Демир Хисар:**
**https://nvoinfocentar.mk/javna-debata-2023-demir-hisar/**

**ѓ) Објавени беа предлог Буџетот и предлог програмите за работа за 2024 година на Општина Демир Хисар каде граѓаните имаа увид и имаа можност да дадат свои мислења и предлози, пред нивното доставување до Советот на Општина Демир Хисар:**
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/12/predlog-budget-na-opstina-demir-hisar-za-2024-godina.pdf

**https://demirhisar.gov.mk/dokumenti/godishni-programi-za-rabota/**

**е) Објавен беше Граѓански буџет на Општина Демир Хисар:**

**https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/03/graganski_budjet_2024.pdf**

**ж) Објавен беше повик за вклучување на граѓаните за утврдување на приоритети кои се во надлежност за реализирање од централната власт а се однесуваат на локално-економскиот развој на Општина Демир Хисар:**

**https://demirhisar.gov.mk/proekt-10-za-demir-hisar/**

3. **Стратегија за управување со ризици на Општина Демир Хисар 2024-2026:**
**https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/03/strategija_za_upravuvanje_so_rizici_na_opstina_demir_hisar.pdf**

4. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

**-Граѓаните непречено можат да присуствуваат на седниците на Советот на Општина Демир Хисар, со претходно најавување кај Претседателот на Советот или во општинските служби.**

5. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

**-Информациите за Јавните расправи (покана, известување....) или седниците на Советот на Општина Демир Хисар (дневен ред, записник....) редовно се**

**објавуваат на интернет страницата на општината како и на општинските профили на социјалните мрежи и на тој начин се достапни за сите заинтересирани граѓани кои сакаат да присуствуваат на истите.**

6. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2023 година?

**-По основ на Завршната сметка се одржа отворена седница на Совет на Општина Демир Хисар, на која што граѓаните имаа можност да присуствуваат на седницата.**

**-34 седница на Советот на Општина Демир Хисар:**

**https://demirhisar.gov.mk/lokalna-samouprava/sovet-na-opshtina-demir-hisar/dneven-red-na-sedniczite-na-sovetot/**

7. Доколку да, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

**-Да, на предметната седница имаше присутни граѓани имаше присутни граѓани.**

**НАПОМЕНА:** Новата веб страница на Општина Демир Хисар е ставена во функција на 26.10.2023 година.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

-------------------------------------